Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

05.02.2025
03 131

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИОТ И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

Се известуваат студентите дека **заверката** на предметите од **зимскиот и запишување** на предметите од летниот семестар, **за учебната 2024/2025** година ќе биде во период **од 05 до 14 февруари 2025 година,** согласно Студентскиот календар.

Летниот семестар започнува на **17 февруари 2025 година и трае до 30 мај 2025 година.**

Доколку студентот задоцни со заверка и упис на семестарот, истиот ќе може да го завери и запише, не подоцна од 4 недели од почетокот на семестарот, согласно Одлуката за правила на студирање на ФВМС и УКИМ, со уплата на надоместок согласно Ценовникот на ФВМС и Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689 од 26 јуни, 2024 година).

**Заверка на зимскиот семестар остваруваат сите студенти кои ги добиле потребните потписи од предметните професори, за тековниот семестар.**

**Студентите кои немаат земено потпис, имаат право да го заверат семестарот со т.н адмистративна заверка, со тоа што должни се во следната учебна година да ги презапишат и ислушаат предметите од кои им недостасувале потписи (согласно Одлуката за студирање на ФВМСи уплат на надоместок за административна заверка на семестар).**

**Во еден семестар студентот имат право да запише минимум 21, а максимум 35 ЕКТС кредити.**

Студентите кои го заверуваат 11$^{от}$ семестар и имаат неположени предмети, најнапред ги презапишуваат неположените предмети од минатите летни



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

семестри во износ од најмногу 30 ЕКТС кредити, и уплата на надоместок по цена на еден ЕКТС кредит согласно Ценовникот и Анексот.

**Потребни документи за заверка на зимски и упис на летниот семестар во учебната 2024/2025 година, доколку истата не се врши електронски преку iKnow системот:**

- Индекс, со сите потребни потписи од ислушаните предмети;
- Уплатница за надомест за студирање во зависност дали сте запишани во државна квота (100 ЕУ) или во квота со кофинансирање (200 ЕУ) на сметка на ФВМ Скопје (во денарска противвредност), односно износот на бројот на кредити кој се запишува;

**Пример за пополнување на уплатница ПП50**

Цел на дознака Надомест за студирање за (?) семестар.

Назив и седиште на примач: Буџет на РМ, ФВМ Ск.

Банка на примач: НБРМ

Трансакциска сметка: 1.000.000.000.63095

Износ во денари: ?

Сметка на корисник: 1600104561 788 15

Приходна шифра и програма: 723012 41

Продекан за настава

проф. д-р Ксенија Илиевска



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk